РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-195/10
18.12. 2023 год.
Свети Николе

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 134 став (6) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 26/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " број 143/19 и 14/20) и член 21 став (3), член 23 и член 25 од Колективниот договор за јавните установи за деца од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 220/22 и 256/22), Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе на ден 18.12.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор за вработување на кандидат по јавен оглас 04/2023 за работното место со реден број 1. ДЕЗ 04 01 А01 001 Хаусмајстор едно (1) лице**

1. По спроведената постапка за вработување по јавен оглас број 02/2023 година, за работно место број **1. ДЕЗ 04 01 А01 001 Хаусмајстор едно (1) лице** на неопределено работно време се избира следниот кандидат:

   - **ИГОР СТОЈЧЕВ**

2. За работното место од точка 1 на оваа одлука се обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за тековната фискална година (2023).

3. Оваа одлука влегува во сила по истекот на рокот за приговор.

О б р а з л о ж е н и е:

Директорот го избра лицето од точката 1 од оваа Одлука по спроведена постапка за вработување во согласност со член 134 став (6) од Законот за заштита на децата, член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор и член 21 став (3) и член 23 од Колективниот договор за јавните установи за деца од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата.

За вработување на извршителот од точката 1 на оваа одлука се обезбедени средства од Министерството за финансии со број 18-6102/2 од 25.05.2023 година.

Врз основа на одлука за потреба од пополнување на слободни работни места број 04-195 од 05.12.2023 година и обезбедените финансии е распишан Јавен оглас број 04/2023 на ден 06.12.2023 година во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм".

На јавниот оглас 04/2023 за вработување работно место под реден број **1. ДЕЗ 04 01 А01 001 Хаусмајстор едно (1) лице** на неопределено работно време беше поднесена една пријава и тоа: Пријава заведена под број 04-195/4 од 11.12.2023 година од **Игор Стојчев**. Комисијата при вршење на проверката на внесените податоци во пријавата и приложените докази утврди дека кандидатот ги има сите потребни докази, односно сите документи за докажување на општите и посебните услови утврдени во јавниот оглас, пријавата беше навремена.

Комисијата состави ранг листа со прво рангиран кандидат за единствениот кандидат, кој ги исполнува условите од јавниот оглас.

Бидејќи единствениот кандидат за работното место со реден број 1 ги достави сите потребни докази истите беа веродостојни комисијата додели 100 бодови.

Согласно Ранг листата, член 134 став (6) од Законот за заштита на децата, член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор и член 21 став (3) и член 23 од Колективниот договор за јавните установи за деца од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата, а во врска со член 21 од Законот за работните односи кој гласи „Работодавачот има право на слободно одлучување, со кој кандидат кој ги исполнува пропишаните договорени, односно од работодавачот барани услови за вршење на работата (во натамошниот текст: услови за вршење на работата), почитувајќи ги законските забрани, ќе склучи договор за вработување", Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе го искористи своето слободно право на одлучување, односно постапи како во диспозитивот и го избра лицето од точка 1 на оваа одлука за вработување на неопределено време, Директорот постапи како во диспозитивот и го избра лицето од точка 1 на оваа одлука за вработување на неопределено време.

По конечноста на одлуката за избор со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување и ќе се распореди на работно место со решение за распоредување.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на Приговор до Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе во рок од 8 работни дена од денот на приемот на одлуката.

18.12.2023 Свети Николе

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева"
Свети Николе
Директор

Билјана Миланова